LACTALIS
MK MLEKARNICA

Советува!

# Видови на крави (трет дел) - Флеквие

**Посебна вредност се става на карактеристиките на Флеквие, вклучувајќи плодноста, долговечноста, леснотијата на отелување, здравјето на вимето, брзината на молзење, бројот на соматски клетки и издржливоста. Голем процент на млади говеда Флеквие се на алпско пасење, што резултира со добро целокупно здравје и истрајност.**

Расата е животно со двојна намена, со млечен фокус.

## Историја



**1870 година**
Увозот на бикови со жолта боја од швајцарскиот регион Симентал и вкрстено размножување со локалното црвено-бело австриско говедо (Флеквие) со точки резултира со среден раст и многу робустна раса во разни нијанси на боја и точки. Разновидноста на бојата нема никакво значење што се однесува до употребата или генетските својства.

**1894 година**
Основање на првата асоцијација за размножување на австрискиот сименталски флеквие.

**Од 1950 година**
Најголемиот приоритет беше млекото, месото и работата (супериорна физичка состојба и постојан темперамент како основа за балансирано размножување).

**По 1975 година**
На млекото и физичката сила им се даваше поголемо влијание, додека уште се внимаваше на производството на месо.

**1997 година**
Воведување на Вкупен индекс за корисност (Total Merit Index) како најизбалансирана цел за млеко, телешко месо и физичка состојба.

## Карактеристики

Неодамна, беа постигнати големи придобивки во генетската продуктивност на Флеквие преку добро одгедување на расата до тој степен, што Флеквие се натпреварува во производството на млеко , со млекото кое го произведуваат млечните раси. Посебна вредност се става на карактеристиките на физичката состојба на Флеквие, вклучувајќи плодноста, долговечноста, леснотијата на отелување, здравјето на вимето, брзината на молзење, бројот на соматски клетки и истрајноста. Голем процент на млади говеда Флеквие се на алпско пасење, што резултира со добро целокупно здравје и долг животен век.

**Лацталис МК Млекарница ДООЕЛ,**
Индустриска бб, 7000 Битола, Северна Македонија

**Цел на расата:** 38 % млеко, 16 % месо, 46 % физичка сила

Говедата Флеквие покажуваат добар развој и капацитет, заедно со добра телесна градба. 6000 килограми млеко во 1-та лактација и над 7000 - 9000 килограми млеко во подоцнежните лактации со 4,2 проценти масноти и 3,7 проценти протеини.

**Месо:**

- Дневно гоење: 1,44 килограми
- Тежина на труп: 57,2 %
- EUROP класификација E и U: > 85,7 %



## Статистика

- Глобално присуство на Сименталско говедо/Флеквие: 41 милион
- Флеквие во Австрија: 1600000
- Удел на расата: 85 % од говедата во Австрија се Флеквие
- Регистрирани крави: 273068
- Стада: 16413
- Жива мера: 650 – 850 kg
- Висина на задникот: 140 – 150 cm

## Дистрибуција

Флеквие може да се најде од Алпите до широките рамнини источно од Виена. Расата е глобално адаптирана низ Европа, Јужна Америка, Австралија и Нов Зеланд, како и Јужна Африка и САД.

Додека се осврнеме на целиот свет, лесно е да се види зошто Флеквие одржува такво присуство во индустријата за говеда. Бројот на сименталски говеда, во светската популација, е втор по Зебу. И, повторно, причината е прилагодливоста и докажаната генетика стара еден век.

Во некои земји бојата е променета и видот е изменет за да ги задоволи барањата на животната средина и пазарот, но генетската основа на Флеквие продолжува да обезбедува основа за супериорни перформанси.

# i Факти за Лакталис

- Основана во 1933 година од Андре Бение во Лавал, низ три генерации, Групацијата Лакталис остана верна на својата првична заложба за преработка на млеко.
- Денес е глобален лидер во млечната индустрија.
- Број еден производител на сирење во светот.
- Европски лидер во рамките на потрошувачката на млеко и на пазарите на путер и млечни намази.
- Располага со 250 производствени погони во 50 земји ширум светот.
- Вработува 80.000 луѓе во 94 земји ширум светот.
- Остварува годишен промет од 18,5 милијарди евра.
- Лакталис МК Млекарница станува дел од големото светско семејство Лакталис во 2007 година.
- Еден од главните двигатели на развојот на групацијата Лакталис се млекопроизводителите чија иднина е сигурна преку растот на Лакталис.
- Главните одговорности на одделот за сурово млеко во склоп на Лакталис е оптимизирање на рутите за собирање на млеко и обезбедување на врвен квалитет на сурово млеко кое е здраво и хранливо.
- Одделот за сурово млеко на Лакталис посветено работи кон едукација на млекопроизводителите за употреба на современи и проверени практики со цел добивање на повисок квалитет и количина на млеко.

**Оддел за сурово млеко:**
047 208 900 | 078 239 123

www.lactalismk.mk